06.04.2017г.

# ОДЛУКА

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Саша Богдановиќ за текстот со наслов "Вработените во ПОЦ три месеци не земале плата, Богдановиќ уво не го боли! ", објавен на 26.01.2017 година, во 20 часот и 56 минути, на Интернет порталот Пулс 24 (www.puls24.mk)**

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 3, 13 и 15.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно."*

Член 3.

*"Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата."*

Член 13.

*"Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот."*

Член 15.

*"Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста."*

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 10.02.2017 година, Саша Богдановиќ поднесе жалба за текстот со наслов "Вработените во ПОЦ три месеци не земале плата, Богдановиќ уво не го боли! ", објавен на 26.01.2017 година, во 20 часот и 56 минути, на Интернет порталот Пулс 24 (www.puls24.mk).

Во жалбата се наведува дека во објавениот текст известувањето е неточно и нефер, не е застапена втората страна и застапени се клеветнички наводи. Жалителот додава и дека не е објавен демантот кој бил испратен до медиумот кој го достави до Комисијата за жалби при СЕММ. Во образложението на жалбата се вели дека во насловот и содржината на текстот има недолични зборови во контекстот во којшто се употребени, кои предизвикуваат негативни реакции кај пошироката јавност кон жалителот и го нарушуваат неговиот углед. Се додава дека текстот е основа за поттикнување и говор на омраза, којашто оди до физичка ликвидација на блиските на Богдановиќ.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 14 од Правилникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет порталот Пулс 24 и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од Пулс 24 не одговорија на наводите на жалителот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е ОСНОВАНА.

***

При своето одлучување Комисијата ги зеде предвид и :

**Декларацијата на Комитетот на министри на Советот на Европа за слободата на политичка дебата во медиумите (872 состанок од 12.02.2004 година)** во делот каде што се потсетува дека остварувањето на правото на слобода на изразување со себе носи обврски и одговорности за кои вработените во медиумите мора да водат сметка и дека тоа легитимно може да биде ограничено поради одржување

рамнотежа помеѓу остварување на ова право и почитувањето на другите основни права, слободи и интереси заштитени со Конвенцијата.

Член 3 од истата Декларација, во кој се вели дека политичките личности одлучиле да апелираат на довербата на јавноста и прифатиле да бидат предет на јавна политичка дебата, а со тоа и предмет на надзор на јавноста и на потенцијално силна јавна критика по пат на медиумите, во поглед на начинот на кој ги извршувале или ги извршуваат своите функции.

**Член IV (Јавен надзор над функционери ) од истата Декларација** во кој се вели дека функционерите мораат да го прифатат фактот дека, особено преку медиумите, се подложни на јавен надзор и критика во поглед на начинот на кој ја извршувале или извршуваат својата функција, онолку колку што е потребно за за обезбедување транспаретност и одговорно вршење на нивните функции.

**Член 16 од Уставот на РМ, во кој се вели:**

Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата.

Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање.

Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации.

**Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање.**

**Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање.**

Се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање.

Цензурата е забранета.

***

На седницата на 06.03.2017 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и направи увид во наведениот текст. Го констатираше следниов текст: ***"До нашата редакција пристигна писмо***

*од вработените во ПОЦ во кое го искажуваат својот револт од директорувањето на Саша Богдановиќ, кој како што наведуваат ги ужива благодетите од своето директорување, а вработените немаат земено плата веќе три месеци. До кое „дереџе" треба да бидеш расипан за да ги оставиш фамилиите на вработените без плати, а ти да си уживаш по монденските ски центри низ светот.*

*(Фотографија на жалителот )*

*Ова за жал не ни прво ниту последно арогантно однесување на функционери од СДСМ. Ова само уште еднаш ја покажува дволичноста на СДСМ, едно зборуваат, друго прават.*
*Додека Богдановиќ се скија и ужива, вработените се мислат како ќе преживеат и кога воопшто ќе им се исплатат платите. Таква грижа нема Богдановиќ бидејќи неговата плата од 2000 евра е секогаш на време исплатена.*
*Освен ова, како што дознаваме, благодарение на недомаќинското работење на Богдановиќ, сметката на ПОЦ е блокирана поради долгови.*
*Додека ние вработените во ПОЦ не можеме плата да земеме за 2 месеца. Нашиот директор Саша Богдановиќ си ужива во благодетите како директор со плата од 2000 евра, сметката на фирмата е блокирана. Ве молиме во име на вработените да објавите за ова.... Ве молиме ако можете нешто да објавите за ова дека еве уште само 5 дена веќе ќе стигне до 3 месеци без плата ВЕ МОЛИМЕ!".*

Во текстот не беше презентирано наведеното писмо (во хартиена форма или print sreen од e-mail, што би ја докажало легитимноста во создавањето на новинарскиот производ), туку само наводен цитат од него.

По увидот, најпрво Комисијата констатираше дека таа не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во текстот и жалбата. Нејзината надлежност е единствено да ги утврдува етичките и професионални стандарди при создавањето на новинарскиот производ.

Членовите на Комисијата, најнапред утврдија дека жалителот е функционер и политичка личност и дека е легитимна цел за политичка дебата во медиумите согласно чл. 3 и 4 од Декларацијата на Комитетот на министри на Советот на Европа за слободата на политичка дебата во медиумите.

Точно е дека медиумот има право да врши јавен надзор и критика во поглед на начинот на кој жалителот ја извршува или ја извршувал својата функција, но правото на слобода на изразување со себе носи обврски и одговорности за кои вработените во медиумите мора да водат сметка и дека тоа легитимно може да биде ограничено поради одржување рамнотежа помеѓу остварување на ова право и почитувањето на другите основни права, слободи и интереси заштитени со Конвенцијата.

Во овој текст конкретно, медиумот не водел сметка за новинарските стандарди при подготвувањето на медиумскиот производ наведени во Кодексот на новинарите на Македонија.

Видно од самиот текст, медиумот не побарал став од засегнатата страна, во овој случај жалителот Саша Богдановиќ. Постулат на новинарската професија е новинарот да обезбеди “втора страна”, односно да им даде можност на сите засегнати од новинарскиот производ да го кажат својот став. Непочитувањето на овој постулат особено е видливо во конкретниов случај бидејќи новинарот изнесува сомневања и обвинувања за жалителот .

Дотолку повеќе што, медиумот со необјавата на демантот (кој беше приложен како доказ пред Комисијата) не му дозволил на жалителот да ја искаже својата одбрана во однос на наводите во текстот, иако бил должен да го стори тоа согласно чл. 16 од Уставот на РМ и чл. 3 од Кодексот на новинарите на Македонија, со што ги ограничил граѓанските права на жалителот.

Понатаму, членовите на Комисијата најдоа дека авторот при создавањето на овој медиумски производ не прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

Точен е и фактот дека авторот има право да употребува поостри зборови кога станува збор за јавен интерес за кој е потребно разгорување на демократска дебата, но во околности кога не е побаран став

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

од засегнатата страна и кога медиумот одбива да објави демант, членовите на Комисијата најдоа дека авторот користи непримерна комуникација со јавноста.

***

Комисијата за жалби најде дека во спорниот текст со наслов "Вработените во ПОЦ три месеци не земале плата, Богдановиќ уво не го боли! ", објавен на 26.01.2017 година, во 20 часот и 56 минути, на Интернет порталот Пулс 24, прекршен е член 1 од Кодексот на новинарите според кој новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно. Новинарот треба да обезбеди "втора страна", односно да им даде можност на сите засегнати од новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Понатаму, Комисијата утврди дека е прекршен член 3 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата. Моралната одговорност за неточноста на информацијата паѓа на новинарот и затоа е важно тој самиот да влијае и да обезбеди објавување на демант, исправка или одговор во медиумот во кој информацијата е објавена, а чијшто автор е тој. На тој начин новинарот го штити и сопствениот интегритет, но и интегритетот на медиумот во кој работи.

Комисијата најде дека е прекршен член 13 од Кодексот, според кој новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот. Новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се одбегне дезинформирање и манипулирање со публиката.

Комисијата најде дека е прекршен и член 15 од Кодексот, според кој новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Гоце Герасимовски, Сефер Тахири и Теофил Блажевски.

**Се обврзува Интернет порталот Пулс 24 (www.puls24.mk), во согласност со членот 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје
www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595